Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 137/7
__________ година

16-09-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 137/1 од 30.01.2024 година, поднесена од Демократската партија на Турците во Македонија и претставка бр. 08-491/1 од 04.07.2024 поднесена од [redacted] против Министерството за внатрешни работи за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и јазик врз граѓаните на Република Северна Македонија од турска етничка припадност, во процесот на издавање на лични документи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 16.09.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност и јазик врз [redacted] од село Врапчиште во процес на издавање на лични документи, сторена од страна на Министерството за внатрешни работи.

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ПРОДОЛЖЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност и јазик врз граѓаните на Република Северна Македонија од турска етничка припадност во процесот на издавање на лични документи, сторена од страна на Министерството за внатрешни работи.

## Образложение

На 30.01.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка бр. 08 - 137/1 од страна на [redacted] Македонија во која се тврди дека во речиси сите подрачни единици на Министерството за внатрешни работи каде се аплицира за издавање на лични документи (патни исправи, лични карти и возачки дозволи), граѓаните од турска етничка припадност се соочуваат со неможност за добивање на бараните документи на турски јазик. Според наводите од претставката, Министерството за внатрешни работи извесен период не располага со обрасци на турски јазик, па следствено на тоа граѓаните од турска етничка припадност подолг период не можат да извадат лични документи на турски јазик. Воедно, во претставката се наведува вработените на шалтерите во Министерството за внатрешни работи каде се поднесуваат барања за вадење лични документи ги упатуваат граѓаните од турска етничка припадност да вадат документи на друг јазик, со образложение дека така брзо би ги извадиле документите, а доколку сакаат да аплицираат за документи на турски јазик, ќе чекаат подолго бидејќи нема обрасци. Подносителот смета дека ваквата праска на Министерството за внатрешни работи претставува дискриминација врз основа на етничка припадност врз граѓаните на Република Северна Македонија од турска етничка припадност.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 07.02.2024 година испрати известување со барање за произнесување по наводите од претставката до Министерството за внатрешни работи.

На 26.03.2024 во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна поднесок со произнесување по наводите од претставката од Одделот за граѓански работи на Министерството за

внатрешни работи. Во поднесокот се наведува дека министерството од 05.07.2021 почнало со прием на барања за изготвување на патни исправи на повеќе јазици, меѓу кои е и турскиот јазик. За таа цел откако се сменил софтверот на системот за нови лични документи, согласно промената на уставното име на државата, како и Законот за употреба на јазиците, се врши набавка на обрасци за сите типови на патни исправи. Во поднесокот се наведува дека во периодот од 05.07.2021 до 20.02.2024 поднесени се вкупно 21.200 барања за патни исправи од ТИП Е (исправи на турски јазик). За истиот период се изработени и издадени вкупно 20.979 исправи од овој тип. Воедно, во поднесокот се наведува дека Одделот за граѓански работи не е надлежен за набавка на обрасци од било кој тип.

На 04.07.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка 08-491/1 од [redacted] против Министерството за внатрешни работи за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и јазик во процесот на издавање на лични документи. Согласно наводите од претставката, [redacted] на 06.02.2024 година во подрачната единица на МВР во Гостивар се обидел да поднесе барање за издавање на патна исправа – пасош, со барање формуларот и образецот на пасошот да бидат на македонски и турски јазик. Службениците на шалтерот на кој се поднесува барањето за издавање на пасоши го информирале [redacted] дека подолго време нема обрасци на турски јазик и дека не можат да го прифатат неговото барање за издавање на пасош на македонски и турски јазик. Службениците го информирале Мурати дека може да поднесе барање за издавање пасош на друг јазик. Заради итна потреба од патување, подносителот бил принуден да извади пасош на друг јазик.

Дополнително, подносителот во прилог на претставката доставува и изјави на 13 граѓани од турска етничка припадност, на кои во периодот од 05.01.2024 година до 20.04.2024 година не им биле примени барањата за издавања на лични документи на македонски и турски јазик во подрачната единица на МВР во Гостивар заради недостиг на обрасци на турски јазик.

Неможноста да извади пасош на македонски и турски јазик, според подносителот претставува дискриминација од страна на Министерството за внатрешни работи врз основа на етничка припадност и јазик кон него како етнички Турчин. Воедно, праксата на Министерството за внатрешни работи да не прима барања за издавање лични документи на македонски и турски јазик заради недостиг на обрасци на турски јазик претставува дискриминација врз етничка припадност и јазик кон граѓаните на Република Северна Македонија од турска етничка припадност.

Со оглед на фактот дека претставката 08-491/1 поднесена од страна на [redacted] адресира идентичен правен проблем како и претставката 08 - 137/1 поднесена од Демократската партија на Турците во Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 26.07.2024 донесе Заклучок за спојување на двете започнати постапки по претставките 08-137/1 и 08-491/1 да се спојат во една постапка со број на предмет 08-137. Спојувањето на двете постапки во една е заради целисходноста во водењето на постапката и преземањето на соодветните процесни дејствија согласно закон.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 26.07.2024 година испрати известување со барање за произнесување по наводите од претставката на [redacted] до Министерството за внатрешни работи.

На 26.08.2024 во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна поднесок со произнесување по наводите од претставката од Одделот за граѓански работи на Министерството за внатрешни работи. Во поднесокот МВР наведува дека министерството од 05.07.2021 почнало со

прием на барања за изготвување на патни исправи на повеќе јазици, меѓу кои е и турскиот јазик. За таа цел откако се сменил софтверот на системот за нови лични документи, согласно промената на уставното име на државата, како и Законот за употреба на јазиците, се врши набавка на обрасци за сите типови на патни исправи. Во истиот период обврските што произлегувале согласно наведеното во рамките на МВР биле во надлежност на Управниот комитет, чија должност е за следење, утврдување на потребите и набавка на потребите обрасци. Во поднесокот се наведува дека во периодот од 05.07.2021 до 05.08.2024 поднесени се вкупно 22.574 барања за патни исправи од ТИП Е (исправи на турски јазик). За истиот период се изработени и издадени вкупно 20.044 исправи од овој тип. Воедно, во поднесокот се наведува дека одделот за граѓански работи за периодот кој е ставен во претставката е ставен во ситуација на исполнување на услов кој не може да се исполни.

Ценејќи ги наводите од претставките и поднесоците за произнесување, Комисијата утврди дека се сторени веројатни тврдењата на подносителите за сторена дискриминација од страна на Министерството за внатрешни работи. Несомнено е дека Министерството за внатрешни работи во периодот од 05.07.2021 до 05.08.2024 постапило по најголемиот дел од примените барања за изготвување на патни исправи на турски јазик и издало исправи на турски јазик. Меѓутоа, Министерството за внатрешни работи во поднесоците за произнесување не дава одговор и аргументација за одбивањето на граѓаните од турска етничка припадност да поднесат барања за издавање патни исправи на македонски и турски јазик во период од јануари 2024 до април 2024, ниту пак во споменатите поднесоци дава аргументација за посочениот недостаток на обрасци на турски јазик. Токму овие наводи од претставките на подносителите го прават тврдењето за дискриминација веројатно и го префрлаат товарот на докажување врз Министерството за внатрешни работи, кое во поднесоците не успева да го побие тврдењето на подносителите. Вака посочените практики на Министерството за внатрешни работи на одбивање на подносителот [redacted] и повеќе граѓани од турската етничка заедница да поднесат барања за издавање на лични документи на македонски и турски јазик заради недостаток на обрасци на турски јазик претставува понеповолен третман врз основа на етничка припадност и јазик, во споредба со граѓаните кои поднесуваат барања за издавање на лични документи на други јазици, за кои МВР располага со соодветни обрасци, како на пример македонски и албански јазик. Имајќи предвид дека ваквите тврдења беа поткрепени со изјави на повеќе граѓани кои биле одбиени да поднесат барања за издавање на лични документи на турски и македонски јазик во временски период од повеќе месеци, во конкретниот случај станува збор за продолжена дискриминација, како потежок вид на дискриминација.

Согласно член 8, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ***директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.***

Согласно член 13, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ***како потежок облик на дискриминација, во смисла на овој закон, се смета повеќекратна дискриминација, интерсекциска дискриминација, повторена дискриминација и продолжена дискриминација.*** Член 4, став 1, точка 12 од истиот закон пропишува дека ***продолжена дискриминација е дискриминација што е вршена врз едно лице или група непрекинато, во подолг временски период, врз дискриминаторски основи.***

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека Министерството за внатрешни работи сторило директна дискриминација врз основа на етничка припадност и јазик врз [redacted] и врз граѓаните на Република Северна Македонија од турска етничка припадност во процесот на издавање на лични документи. Следствено, врз основа на член 27 став 2 од Законот за

спречување и заштита од дискриминација, по утврдената директна дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**ПРЕПОРАКА**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за внатрешни работи да изврши набавка на доволен број обрасци на турски јазик за издавање на лични карти, возачки дозволи и пасоши на турски јазик, со цел непречено и континуирано постапување по барањата и издавање на документи на турски јазик, **во рок од 90 дена од приемот на мислењето и препораката и за истото писмено да ја извести Комисијата.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за внатрешни работи континуирано и непречено да ги прима и да постапува по барањата на граѓаните за издавање на лични документи на други јазици, согласно чл. 12 и чл. 14 од Законот за употреба на јазиците.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за внатрешни работи во иднина во плановите за јавни набавки прецизно да го дефинира бројот на потребните обрасци за издавање на лични документи на други јазици, со цел непречено и континуирано издавање на личните документи согласно чл. 12 и чл. 14 од Законот за употреба на јазиците, а во насока на превенција од дискриминација врз основа на етничка припадност и јазик.

Скопје
16.09.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- Министерство за внатрешни работи, ул. Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје
- Демократска партија на Турците во Македонија, [redacted]
- [redacted]